# ЗАПИСНИК

од 13-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 5 јануари, 2023 г.

Присутни:
Данела Арсовска (Градоначалник на Град Скопје), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Александар Нанчев, (со овластување од Костадин Костадинов. Градоначалник на Општина Струмица), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ванчо Ристов (со овластување од Ацо Ристов, Градоначалник на Општина Радовиш), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

Дискусија:

Управниот одбор го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на актуелните состојби поврзани со енергетската криза.
2. Разно

ПРВА ТОЧКА: Разгледување на актуелните состојби поврзани со енергетската криза.

Седницата се отвори со потсетување дека веќе две недели ЗЕЛС очекува да добие одговор од Министерот за економија до кој е упатено барање со гласно Заклучокот донесен ан претходната седница, но и дека по иницијатива за оценка на уставноста и законитоста на Одлуката на владата со кој се утврдуваат мерки поврзани со енергетската криза доставена пред Уставниот суд сеуште нема одговор, беше констатирано дека ЗЕЛС е оставен сам на себе, дека нема партнер со кој може да соработува за решавање на проблемите и дека не постои отворен дијалог.

Дискусијата се одвиваше на тој начин што присутните ги реафирмираа досегашните барања, укажаа на ефикасноста во реализацијата на барањата утврдени со Систематизираните ставови кои се доставени до Владата, при што беше изразено општо незадоволство од неможноста преку партнерски однос да се решат прашањата многу значајни за локалната самоуправа.

Дел од присутните предложија да не се одлага со преземањето на мерки, да се организира прес-конференција со медиумите за да може да се извести јавноста за состојбата во која се наоѓаат општините. На оваа прес – конференција би се соопштиле донесените заклучоци но и би се известила јавноста дека ЗЕЛС разгледува и друг сет на мерки кои би ги презеле општините заради неможноста од нормално функционирање, а овие мерки би се применувале до овозможување на нормални услови за работа. Во овој контекст се дискутираше и во однос на

единството кое се гради во ЗЕЛС, се даде приоритет на принципот на донесување на одлуките со консензус, а претседателството на ЗЕЛС ги извести присутните за подготвеноста за отворен настап во јавноста но откако би се изградиле јасни ставови на седницата на Управниот одбор.

Беа потврдени неколку неодложни приоритети и тоа:

1. Со оглед дека уличното осветлување е утврдено како комунална дејност согласно Законот за комуналните дејности, општините треба да бидат опфатени со категоријата "мали потрошувачи" согласно Законот за енергетика и соодветно да бидат тарифирани. Од 1 јануари општините немаат статус на мали потрошувачи и набавката на електрична енергија ќе ја вршат на либералниот пазар. На овој начин ќе се генерираат огромни надоместоци за електрична енергија, а општините се очекува да започнат да генерираат долгови заради недостаток на финансиски средства.

2. Со оглед на мерките на Владата за справување со енергетската криза, ЗЕЛС бара општините и градот Скопје да имаат право да купуваат електрична енергија од АД ЕСМ по регулирани цени.
3. Со оглед дека Регулаторната комисија за енергетика со новиот тарифник на цени на електрична енергија на сила од 1 јули, 2022 г. не ја изрази категоријата "цена за улично осветлување", настана правна празнина заради што не постои можност за примена на Законот за комуналните такси со кој се утврдува дека за соодветните категории на потрошувачи ќе се наплатува комунална такса која е реципрочна на соодветно определен износ на kW/h. Комуналната такса денес се пресметува на начин како пред 1 јули, 2022 г. во висина која никако не соодветствува со зголемените цени на електрична енергија, а уште помалку цените кои би се постигнале на либералниот пазар. Оттука, ЗЕЛС бара, со соодветна номотехничка промена во Законот за комуналните такси да се овозможи соодветна висина на комуналната такса за улично осветлување заради состојбите опишани претходно.

4. МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЗЕЛС И ВЛАДАТА. ЗЕЛС достави предлог текст на Меморандум за соработка со Владата на Република Северна Македонија со кој се опфатени подрачја и форми на соработка на кои посветено ќе работат двете страни заради развој на системот на локалната самоуправа во нашата држава. Последен ваков документ е склучен во март 2003 година. Со жалење констатираме дека од страна на Владата не сме известени за согласноста во однос на предложената содржини или за намерата истиот да биде потпишан.

5. СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ на ЗЕЛС. Започнувајќи од 2005 година па до денес, ЗЕЛС еднаш годишно ЗЕЛС ги утврдува своите Систематизирани ставови во форма на документ кој претставува пресек на состојбите и актуелните прашања кои претстојат да бидат разрешени а се од приоритетно значење за локалната самоуправа во нашата држава. Овој документ е доставен до Владата, во него се опфатени сите проблеми на локалната самоуправа по категории, но со жалење можеме да констатираме дека ниту едно од истакнатите прашања во истиот не се решени. ЗЕЛС ги реафирмира систематизираните ставови на општините и бара нов пристап кон овој сериозен документ.

Присутните отворија и дискусија за тоа кои мерки би можеле да се преземат откако во јавноста ќе се соопштат приоритетните прашања, кога беше предложена наплата на заостанатите долгови за искористени комунални услуги на државните органи, проширување на опфатот на предмет на даночење согласно Зкаонот за даноците на имот на целокупната инфраструктура (подземна и надземна за сите јавни и приватни субјекти), проценка на состојбите во образованието и условите за навремено отпочнување на школската година.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор формира работна група од стручни претставници од општините Куманово, Бутел, Ѓорче Петров, Прилеп, градот Скопје, Радовиш и Велес кои ќе работат на утврдување на правниот основ за наплата на данок на имот на подземната и надземната инфраструктура која треба да има третман на изграден објект предмет на даночење.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор својата следна седница ќе ја одржи на ден 10 јануари, 2023 г. со почеток во 10 часот кога ќе се потврдат ставовите кои веднаш потоа ќе бидат презентирани на прес-конференција која ќе биде одржана истиот ден во 12 ч.

**Скопје, 5 јануари, 2023 г.**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Данела Арсовска**